ГАЛЕРИЈА НА СОРОС-ЦЕНТАРОТ ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ

# Отворање на „Првото peep-show во градов"

**Седумте проекти ги интерпретираат проблемите на воајеризмот, паранојата, егзибиционизмот, фетишизмот и слично, преку наслов што намерно предизвикува амбивалентност и привлекува публика што можеби очекува вистинско peep-show, вели кураторката Сузана Милевска**

Во CIX-галеријата на Сорос-центарот за современи уметности во Скопје вечерва во 21 часот ќе биде отворена групна изложба под наслов „Првото peep-show во градов". Куратор на проектот е Сузана Милевска, историчарка на уметноста, а во неговата реализација учествуваат седум уметници: Христина Иваноска, Славица Јанешлиева, Оливер Мусовиќ, Дубравко Наумов, Дејан Спасовиќ, Ана Стојковиќ и Виолета Чаповска.

Концептот на изложбата - објаснува Милевска - се однесува на тајните и потиснувани желби за ѕиркање што се манифестираат како секојдневни ситуации, на пример ѕиркање во туѓ весник во автобус, но и како тајно „набљудување" на интимни односи или отворање туѓи писма. Специјално за изложбата се изработени седум проекти што на најразлични начини ги интерпретираат проблемите на воајеризам, паранојa, егзибиционизам, фетишизам и слично, преку провокативниот наслов, кој намерно предизвикува амбивалентност и привлекува публика што можеби наивно очекува вистинско peep-show.

- Со таа цел е даден оглас со насловот на изложбата без прецизно појаснување за карактерот на содржината, а влегувањето ќе се наплатува симболично - 10 денари, за да почувствуваат гледачите атмосфера слична на таа при влегувањето на навистина најевтината порно-забава на светот. При тоа тие стануваат воајери во светот на уметноста, - го објаснува Милевска овој проект.

Во рамките на проектот ќе биде изведен перформансот на Дејан Спасовиќ „Ве молам подајте ми ја крпата", кој во просториите на галеријата ќе биде повторуван секој ден од 14 до 16 часот до 27 јули.

Учесниците на изложбата се поканети да организираат работилница во рамките на летната школа „Сликата на Другиот", која од 10 до 30 јули се одржува во хотелот „Континентал" под покровителство на Програмата за поддршка на високото образование ХЕСП при Институтот отворено општество - Македонија и таа програма од Будимпешта, иницирана од АЛУМНИ - здружение за промоција и соработка во меѓународното образование.

(О.П.)